# ПОЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

**Предлог препораки за општините од Источен Плански Регион**

**Да ја информира јавноста** и да ги поттикне општините на ефективни **чекори за одржливо управување со отпадот**




**Издавач:**
ЗГ „Медиа плус“ – Штип
info@mediaplus.ogr.mk/www.mediaplus.org.mk

Октомври, 2025 година

# Анализа:ПОЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

**Предлог препораки за општините од Источен Плански Регион**

**Проект: Граѓаните и медиумите го „озеленуваат“ Поглавјето 27**

**Вовед**

Поглавјето 27 – *Животна средина и климатски промени* претставува збир на политики и мерки насочени кон заштита на животната средина од различни антропогени негативни влијанија, како и кон намалување на ризиците поврзани со климатските промени, здравјето на луѓето и биодиверзитетот. По својата природа, ова поглавје е хоризонтално и има значајна улога во обликувањето и спроведувањето на политиките во други сектори, особено во енергетиката и транспортот.

Поглавјето 27 ги опфаќа следните области: хоризонтално законодавство, квалитет на воздухот, управување со отпад, квалитет на водите, заштита на природата, контрола на индустриско загадување, бучава, шумарство, хемикалии, климатски промени и цивилна заштита.

Оваа анализа дава преглед на фактичката состојба во управувањето со цврстиот комунален отпад, состојбата на општинските депонии, подготвеноста на надлежните институции во Источниот плански регион за реализација на проектот за регионална депонија, како и степенот на вклученост на граѓаните и граѓанскиот сектор во овој процес.

Како техники за прибирање на податоци беа користени: индивидуални средби со општински службеници задолжени за животна средина, средби со општинските инспекторати, интервјуа со раководители на јавните комунални претпријатија, средби со граѓански активисти, здруженија на граѓани и членови на младинските совети, како и три средби со сите засегнати страни во општините Делчево, Виница и Штип.

Врз основа на овие активности беше утврдена фактичката состојба, идентификувани беа клучните предизвици со кои се соочуваат институциите и граѓаните, а врз таа основа беа формулирани и конкретни препораки.

## Состојби со собирањето и управувањето со цврстиот комунален отпад од страна на јавните комунални претпријатија

Системот за управување со цврстиот комунален отпад во општините се состои од собирање и депонирање на отпадот од дворовите на индивидуалните домаќинства и од станбените објекти. Секое домаќинство е задолжено да поседува канта за отпад, која се празни еднаш неделно, додека пред станбените згради се поставени контејнери за колективно користење.

Јавните комунални претпријатија (ЈКП) во Источниот регион се презадолжени и во неповолна финансиска состојба. Во општините се’ уште нема воспоставен функционален систем за селекција на отпадот. Како резултат на тоа, отпадот завршува на истите општински депонии како мешан отпад.

Дополнително, самите градски депонии се далеку од усогласени со пропишаните стандарди и често се третираат како таканаречени „јавни ѓубришта“, што јасно укажува на загрижувачката состојба во која се наоѓаат. Во најголем дел од општините, депониите не се во состојба да ги задоволат реалните потреби за безбедно и одржливо депонирање на отпадот.

Отпадот на депониите формално се третира со нанесување слој земја, но поради недостиг од механизација, возила за собирање и транспорт на отпад, како и финансиски средства, оваа практика не се спроведува редовно и во доволен обем. Поради тоа, депониите се подложни на чести, намерни или ненамерни палења.

Недостатокот на финансиски средства претставува сериозен предизвик, при што дел од комуналните претпријатија се соочуваат и со проблеми при исплата на платите на вработените. Оваа состојба дополнително придонесува за одлив на стручен, особено инженерски кадар. Но, не само на ваков кадар, туку недостасуваат обучени возачи на

камиони, кои поради побарувачката на професионални возачи често откако ќе се обучат, ја напуштаат работа. На нивно место доаѓаат недоволно обучени возачи, нецелосно се запознаени со функционирањето на специјализираните возила за собирање на отпад. Поради тоа често се случува оштетување на возилата.

Истовремено, имајќи предвид дека комуналните претпријатија често се користат и за вработување на партиски кадар, тие се соочуваат со парадоксална состојба – превработеност од една страна и недостиг од квалификувани и професионални кадри од друга.

Според интервјуата со претставници на јавните комунални претпријатија, постои релативно добро планирање во делот на собирањето на комуналниот отпад. Сепак, клучниот проблем произлегува од бавната динамика на државните процеси поврзани со воспоставувањето на регионалната депонија. Истовремено, се бара затворање на дивите депонии, не се дозволува проширување на постојните депонии, ниту отворање на нови, што дополнително ја усложнува состојбата на локално ниво.

Најповолна состојба е евидентирана во Општина Берово. Општината располага со шест камиони, трактор и булдожер, што е доволно за непречено управување со отпадот. Кабастиот отпад се собира двапати годишно, постои пункт за електронски отпад, а компанијата „Пакомак" има поставено специјални садови за селекција на отпадот. Постои склучен договор помеѓу јавното комунално претпријатие и „Пакомак", при што за собраните количини на отпад, компанијата обезбедува канти за ѓубре. Текстилниот отпад се враќа преку цармински постапки, медицинскиот отпад се третира согласно посебни прописи, додека за градежниот шут е определена локација за депонирање, со што овој сегмент моментално не претставува значаен проблем. Сепак, останува нерешен проблемот со гумите и другите високо загадувачки материјали, за кои е потребен лиценциран постапувач.

Сите останати општини во регионот се соочуваат со сериозни предизвици. Покрај недоволната механизација, недостигот од човечки ресурси и финансиски средства, значаен проблем претставува и пренатрупаноста на депониите. Од една страна, постојат налози од Министерството за животна средина и просторно планирање за затворање на дивите депонии, па дури и на одредени општински депонии, како што е случајот со депониите во Виница и Зрновци. Од друга страна, преостанатите депонии не располагаат со доволен капацитет за прифаќање на минимално селектираниот отпад, кој се депонира на едно место.

Таков пример е депонијата во Кочани, која го прима отпадот од четири општини: Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево и Кочани. Доказ за несоодветното третирање на отпадот на депониите во Кочани, Штип и Делчево се честите пожари, густите чадови и непријатната миризба што се шират од депониите и директно влијаат врз квалитетот на животот на локалното население.

## Капацитет на општините, меѓуопштинска соработка и координација во управувањето со отпад

Општините имаат клучна улога и директна законска надлежност во организирањето и контролата на управувањето со отпадот. Тие се должни да изготвуваат локални планови за управување со отпад, како и да обезбедат функционален систем за негово собирање, транспорт и отстранување. Во таа насока, секоја општина усвојува одлуки за начинот на собирање, селекција и одлагање на отпадот, за што донесува локални акти и правилници, во согласност со Националната стратегија за управување со отпад.

Општините, исто така, утврдуваат локации за поставување контејнери, пунктови за собирање и места за селекција на отпадот. Преку општинските совети се формираат јавни комунални претпријатија, кои се опремуваат со соодветни возила и контејнери и го организираат системот и рутите за редовно собирање на отпадот.

Од индивидуалните и групни состаноци со вработените во Единиците на локалната самоуправа беа добиени слични одговори, при што разликите најмногу се забележуваат помеѓу поголемите и помалите општини, особено во однос на кадровската екипираност, бројот на вработени во општинската администрација и капацитетот на јавните комунални претпријатија. Во помалите општини, како што се Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево, бројот на вработени е минимален, а во одредени сектори, како што е урбанизмот, ангажирани се и лица со договор на дело, вклучително и пензионери.

Сепак, мора да се истакне дека постои солидна меѓуопштинска соработка и солидарност помеѓу помалите и поголемите општини. Во случаи кога е потребна поддршка со возила, механизација или работна сила, редовно се излегува во пресрет, како што е соработката меѓу општините Виница и Зрновци, односно Берово и Пехчево. Како конкретен пример за солидарност може да се наведе одлуката на Општина Македонска Каменица да им овозможи на општините Виница и Зрновци, во период од една седмица, да го депонираат

отпадот на нејзината депонија, во услови кога пристапот до депонијата во Кочани беше блокиран од страна на граѓани и невладини организации.

Во делот на општинскиот инспекциски надзор, состојбата е повеќе од загрижувачка. Во поголемите општини функционираат одделенија за инспекциски надзор, во чиј состав работат општинските инспектори, со назначен раководител на одделението, како што е случајот во Берово, Кочани, Виница и Штип. Во Општина Делчево, иако формално постои Одделение за инспекциски надзор, повеќе од десет години не е назначен раководител, а одделението не е екипирано со потребниот број инспектори. Оваа состојба отвора сериозен ризик од политички и бизнис влијанија врз работата на инспекторите.

Уште понеповолна е состојбата во помалите општини. Во Пехчево има само еден комунален инспектор, додека во општините Македонска Каменица, Зрновци и Чешиново-Облешево воопшто нема општински инспектори. Во минатото биле склучувани договори за меѓуопштинска соработка за заедничко користење на инспектори, но според изјавите на вработените во општинските администрации, овие договори се покажале како нефункционални и подолг временски период не се обновени.

Инспекторите укажуваат дека немаат доволна автономија во своето постапување, дека одделенијата за инспекциски надзор не се комплетирани, дека постои преклопување на надлежностите и непрецизност во дефинирањето на правата и обврските во однос на другите инспекторати и институции, особено со државните инспекциски служби. На прашањето за бројот на изречени казни кон граѓани или правни лица за несовесно постапување со отпадот, сите интервјуирани инспектори наведоа дека досега нема изречено ниту една санкција. Според нив, улогата на општинските инспектори е претежно превентивна, а во најголем дел од случаите субјектите постапуваат по усната опомена.

Дополнителен проблем претставува фактот што комуналните редари немаат овластување ниту за издавање писмена опомена, туку исклучиво укажуваат на неправилностите. Се смета дека зајакнувањето на нивните надлежности би придонело кон поголема ефикасност во справувањето со прекршоците поврзани со отпадот.

Во тек е постапка за донесување нов Закон за инспекциски надзор, со кој се очекува реорганизација на инспекциските служби, зајакнување на улогата на ресорните министерства и унапредување на координацијата и ефикасноста на инспекцискиот надзор. Дополнителен аргумент за потребата од вакви реформи е фактот што против одреден број инспектори се водат постапки за непостапување во конкретни случаи, меѓу кои и случајот

поврзан со трагедијата во дискотека „Пулс“ од Кочани и пожарот во кој загинаа 63 млади луѓе, при што дел од инспекторите се суспендирани од работа.

Покрај обврските поврзани со селекцијата и управувањето со отпадот, општините имаат значајна улога и во подигањето на јавната свест на населението за одговорно постапување со отпадот, негова примарна селекција и едукација за компостирање, особено во средини каде што постојат соодветни услови за тоа. Ова, се чини, е најслабата алка во тој синџир на постапувања.

## Подготовки за регионалната депонија во Мечкуевци

Сите општини, со исклучок на Свети Николе, имаат свои претставници во управата на заедничкото меѓуопштинско претпријатие. Општинската администрација, особено службите од областа на заштитата на животната средина, инспекторите за животна средина, комуналните инспектори, како и раководствата на јавните комунални претпријатија, се дел од работните тимови кои учествуваат на состаноците организирани од Министерството за животна средина и просторно планирање во рамки на подготовките за воспоставување на регионалната депонија. Овие состаноци се одржуваат редовно, во интервал од еден до три месеци, при што општините се информираат за текот на активностите и за планираните чекори во рамки на проектот.

Во реализацијата на проектот „Регионална депонија во Мечкуевци“ се вклучени и странски консултанти, поради што најголемиот дел од проектната документација, записниците од состаноците и комуникацијата се одвиваат на англиски јазик. Ова претставува значајна административна и оперативна бариера за дел од општинските тимови и укажува на потребата од дополнителна адаптација и поддршка, со цел поефикасно учество на локалните институции во процесот.

Паралелно со овие активности, се одржуваат и состаноци со градоначалниците во рамки на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), како и во Центарот за развој на Источниот плански регион. Според заедничките ставови изнесени од претставниците на општинските администрации, целиот проект се спроведува со значително задоцнување и без доволна претходна консултација со локалните власти. Согласно нивните изјави, поцелисходно би било најпрво да се изгради регионалната депонија, а дури потоа да се

пристапи кон изградба на претоварните станици и постепено затворање на постојните општински депонии.

Поништена е првата јавна набавка за изградба на инсталацијата за преработка на отпад кај Мечкуевци, Свети Николе во вредност од приближно 10 милиони евра. Паралелно со тоа, планирана е и изградба на шест претоварни станици во Берово, Македонска Каменица, Виница, Штип, Ранковце и Куманово. Истовремено, во тек е и постепено затворање на стотиците диви депонии и нестандардни ѓубришта кои постојат на терен.

Сепак, загрижувачки остануваат нерешените односи и тековните проблеми во делот на депонирањето на отпадот. Постојните општински депонии се веќе пренатрупани, а во дел од општините не постои капацитет за прифаќање на отпад и од соседните општини. Дополнително, врз основа на досегашното искуство, не може јасно да се дефинира ниту точниот рок за изградба и пуштање во употреба на регионалната депонија.

Поради доцнењето на проектот, процесот на примарна селекција на отпадот е одложен. Отпадот од домаќинствата и понатаму најчесто се собира како мешан отпад. Општините издвојуваат минимални средства за едукација на населението за селекција на отпад, компостирање и поддршка на зелени иницијативи, а самиот процес и неговите фази недоволно се објаснети и комуницирани со граѓаните.

Иако стратешката цел е максимално 60% од отпадот да се депонира на депониите, во пракса и растителниот отпад, како и градежниот шут, продолжуваат да завршуваат на општинските депонии. Дополнителен фактор што влијае врз незадоволството на локалното население е одземањето на одредени надлежности на градоначалникот на Општина Свети Николе во делот на управувањето со регионалната депонија, што ја намалува перцепцијата за локална контрола и учество во процесот.

## Ставови и вклученост на граѓанскиот сектор: потреби и предизвици

За потребите на анализата и за добивање на реална слика од теренот, беа направени индивидуални разговори со граѓанските активисти од сите општини опфатени со проектот. Дополнително, преку трите регионални средби, активистите имаа можност да се информираат од претставници на општините за активностите што се преземаат во делот

на управувањето и депонирањето на отпадот, како и за нивната вклученост во проектот „Регионална депонија Мечкуевци“.

Ставовите на граѓанските активисти останаа непроменети и за време на овие сесии. Тие посочија дека воопшто не се информирани за фазите и обврските на општините во рамките на проектот. Ова укажува дека не се одржуваат заеднички состаноци со граѓанскиот сектор, ниту постои нивна поддршка во подигањето на јавната свест за селектирање на отпадот или, пак, за компостирање во средини каде тоа е возможно.

Од разговорите со младите произлегува впечатокот дека се заинтересирани за учество во еколошки акции, но тие бараат тие активности да бидат плански, системски, предвидливи и да имаат јасна цел. Иако често младите се критикуваат како пасивни, тие јасно изразуваат желба за вклученост, но не сакаат да живеат во услови каде што има чад и непријатна миризба од запалените депонии. Овој став е едногласен меѓу младите од Штип и поискусните активисти од истиот град, кои укажуваат дека е бесмислено да се селектира отпад кога истиот на крајот завршува на иста депонија.

Иако постојат стандарди за функционирање на градските депонии — вклучително огради, заштитни ѕидови, чувари и правилници за третман на отпадот — депониите во најголем дел од случаите не ги исполнуваат овие стандарди.

Граѓанските активисти јасно бараат транспарентност за сè што се случува во проектот за регионална депонија, воведување глоби за несовесните граѓани и континуирана едукација. Граѓанските организации од Штип информираа дека спроведуваат преку континуирани активности, се подига јавната свест кај младите за стекнување навики за селекција и рециклирање на текстилниот отпад.

Позитивен пример е и вклучувањето на бизнис секторот преку лиценцираниот собирач на текстилен отпад „ЕКО ТЕКС“, кој функционира според принципот „Загадувачот плаќа“. Овој модел значително го намалува текстилниот отпад на депониите и загадувањето на воздухот со согорување текстилен отпад како гориво. Меѓутоа, според изјавите на управителот на „ЕКО ТЕКС“, Фирус Мемед, сè уште постои отпор од дел од текстилните фирми да го предаваат отпадот, што налага редовни и сериозни контроли. Понатаму, постои отпор и за проширување на оваа практика во внатрешните општини, односно незаинтересираност од страна на локалните власти да ја исполнат законската обврска и постават контејнери за текстилен отпад.

Во другите општини, од Кочани до Пехчево, незадоволството на граѓаните е особено изразено. Видлива е огромната депонија на Каменичкиот рид, над Македонска Каменица, која претставува грда слика и извор на нехигиена. Во Пехчево, според информации од невладиниот сектор, отпадот се депонира во регион близу туристички и рекреативен комплекс. Најголемо е незадоволството во Кочани, каде активистите повеќепати го блокираа патот до општинската депонија, која Министерството за животна средина ја одреди како локација каде отпадот од околните општини Виница, Зрновци и Чешиново-Облешево треба да се депонира.

Реакциите на активистите се жестоки бидејќи ова се случува без да бидат информирани или прашани жителите на Кочани. Депонијата не е стандардизирана и нема капацитет да ги опслужи сите општини, а, според еколозите, во непосредна близина се наоѓа важна еко-зона која се загадува од отпадот.

Ова беше потврдено и од претставници на општинската администрација од Кочани, кои укажаа дека грешката е од пред повеќе од 20 години и изразија надеж дека регионалнта депонија ќе се реализира што побрзо.

Пораките од Кочани се јасни: здравјето на жителите се нарушува, а бројот на малигни заболувања расте. Целокупната состојба бара предвидливост во активностите кои следуваат, јасна временска рамка и одговорно, транспарентно спроведување на сите предвидени активности.

Средбите организирани од граѓанскиот сектор обезбедуваат простор за дебата и зголемена транспарентност, бидејќи крајни корисници на проектот се самите граѓани.

## Предлог препораки за поефикасно управување со отпадот

1. Во сите општини да се организираат информативни средби за граѓаните, на кои одговорните лица од општините ќе ги презентираат состојбите со општинските депонии и ќе го објаснат процесот што следи во делот на претоварните станици и Регионалната депонија во Мечкуевци.
2. Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) да ја следи примената на минимални стандарди за постојните депонии што ги користат општините и да воспостави систем за известување за депонираниот отпад.

3. Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) да спроведе контрола над сите депонии за да се утврди дали се исполнети стандардите. Ова е особено важно за следење на целите за намалување на создавањето отпад и утврдување мерки за негово намалување.
4. Да се уредат сите тековни општински депонии според стандарди: поставување ограда, 24-часовен надзор и нанесување доволно земја за спречување на палење на отпадот.
5. Состаноците што ги организира МЖСПП со општинските претставници, како и документите што се носат и презентираат, да бидат на македонски јазик за поефикасна комуникација.
6. Веднаш по изборот на градежна компанија која ќе ја гради инсталацијата кај Мечкуевци, транспарентно да се презентира акцискиот план и да се додефинираат обврските на општините.
7. Да се поддржат граѓанските еколошки организации за подигање на јавната свест кај жителите за одговорно постапување со отпадот, негово селектирање и компостирање на растителниот отпад од страна на домаќинствата кои живеат во куќи.
8. Сите општини да склучат договори со колективни лиценцирани постапувачи со отпад, како и со лиценциран собирач и постапувач со гуми и други високозагадувачки материјали.
9. Целосна имплементација на Законот за дополнителни текови на отпад кој е на сила од 1 јануари 2024 година. Законот предвидува обврски и за градоначалниците, како и за крајните корисници — кои создаваат отпаден текстил и се должни да го собираат и чуваат одвоено од мешаниот комунален отпад или друг вид отпад и да го предаваат на трговец, собирач на отпадни производи или во собирен центар или други локации.
10. Општините да обезбедат локации за поставување садови за селектирање отпад и да овозможат услови за функционирање на лиценцираните колективни собирачи на отпад.
11. Јавно презентирање на новиот Закон за инспекциски надзор и доследна примена во пракса со засилени контроли и санкции кон несовесните граѓани и фирми.
12. Воспоставување меѓуопштинска соработка во делот на инспекцискиот надзор, донесување конкретни правилници и протоколи за постапување со цел зголемена ефикасност на инспекциските служби.
13. Засилен инспекциски надзор од страна на општинските инспекторати и поголема видливост на комуналните редари во делот на превенција и идентификација на загадувачот — алатка која, според сведоштва на граѓаните, во моментов е неефикасна.

За потребите на ЗГ „Медиа плус“ – Штип автор: Зоран Биковски

*Проектот „Граѓаните и медиумите го „озеленуваат“ Поглавјето 27“ е финансиран од ЕУ, спроведуван од „Евротинк„ во партнерство со АЛДА и БИРЦ. Ставовите на Медиа Плус и партнерот Радио Канал 77 не се одговорност на донаторите. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на ЕУ, Евротинк, АЛДА и БИРЦ.*